**ЗАПИСНИК**
**од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 05.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески (отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Јанчески кој тековно е во странство. Во врска со дневниот ред објасни дека Точките 3,4 и 5, образложенијата за ТВ Амазон, ТВ Шутел и Радио Капитол ги повлекува затоа што радиодифузерите го платиле годишниот надоместок за дозволата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Образложение од Трговското радиодифузно друштво ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
3. Образложение од Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ – РАДИО Охрид ДООЕЛ за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
4. Разно.

Г-дин Петрушевски од причина што нема присутен ниту еден претставник од наведените радиодифузери рече дека не гледа простор за дискусија од нивна страна и ја затвори седницата.

Бр. 02-1001/2
12.03 2020 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ